На ден 16.09.2026 год во 11:17 часот општински комунален инспектор Ирена Милевска, општинскиот инспектор за животна средина Гордана Максимовска и Градежниот општински инспектор Душко Андонов извршија вонреден инспекциски надзор врз работењето на правниот субјект Кофи Шоп Хорека (Булевар кафе), Скопје. со седиште на Бул. П артизански одреди, бр.101, Скопје. На лице место се констатирани две метални конструкции наменети за поставување на урбана опрема што е спротивно на чл.14, став 1, алинеа 11 од Закон за Јавна чистота (Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21) - **поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети.**

Во разговор со одговорното лице на правниот субјект Благоја Блашкоски во кој се констатираше фактичката состојба, на одговорното лице му беше врачена покана за страна за истиот ден, да дојде во просториите на Сектор Инспекторат во Општина Карпош на информативен разговор. Од разговорот беше констирано дека правниот субјект не поседува Одобрение за урбана опрема за поставување на подвижни и неподвижни предмети а металната конструкција е поставена на тревна површина што е спротивно и на Закон за урбано зеленило.. Согласно Закон за јавна чистота општинскиот комунален инспектор изготви Записник за редовен инспекциски надзор ИП1 66-333 од 21.09.2026 год. согласно ЗАкон за јавна чистота. (фотодокументирано)





- Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:
  - ✓ Решение за опомена ИП1 66-333 од 21.09.2026

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекциски надзор: **ДА**

Преставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

НЕМА ЗАБЕЛЕШКИ!

Датум: 21.09.2026 год.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1 Број : 66-333
Датум 21.09.2026
Скопје

Овластениот инспектор за комунални дејности при Општина Карпош Ирена Милевска со службена легитимација Бр.79-0004 изврши вонреден инспекциски надзор на правниот субјект Кофи Шоп Хорека (Булевар кафе), Скопје со адреса Бул. Партизански одреди, бр.101, Скопје и ја утврди фактичката состојба врз основа на чл.14 став 1, алинеа 11 од Законот за јавна чистота, (Службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 44/15, 129/15,192/15 и 39/16 год. Со Записникот ИП1 бр.66 - 333 од 21.09.2026 год. го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е З А О П О М Е Н А

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Благоја Блашкоски одговорно лице на правниот субјект Кофи Шоп Хорека (Булевар кафе), Скопје со адреса Бул. Партизански одреди, бр.101, Скопје да ги отстрани недостатоците наведени во Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.66-333 од 21.09.2026 год. (бесправно поставен подвижен/неподвижен предмет на јавна површина согласно Закон за јавна чистота)
2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1. од ова Решение изнесува **8 (осум) дена** од денот кога е констатирана неправилноста наведена во Записникот ИП1 66 - 333 од ден 21.09.2026 год.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекцискаta мерка, а **најдоца од 3 дена, писмено и/или по електронски пат да го извести инспекторот дали е извршена инспекцискаta мерка.**
4. Жалбата против ова Решение не го одложува неговото извршување.

О б р а з л о ж е н и е

Општинскиот инспектор за комунални дејности врз основа на член 14 , став 1, алинеа 11 од Законот за јавна чистота, (Службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 44/15, 129/15,192/15 и 39/16 год. преку Ирена Милевска со службена легитимација Бр.79-0004 изврши вонреден инспекциски надзор врз правниот субјект Кофи Шоп Хорека (Булевар кафе), Скопје со адреса Бул. Партизански одреди, бр.101, Скопје при што е составен Записник за вонреден инспекциски надзор со ИП1 бр. 66-333 од 21.09.2026 год во кој е констатирано дека овластеното лице не се придржува на законските одредби согласно Закон за јавна чистота.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 8 дена преку Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната комисија, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Жалбата се таксира 250,00денари административни таксени марки и се поднесува во три примероци.

Решено во општина Карпош под број ИП1 бр.66 – 333 од 21.09.2026 год

Доставено до:
- Архива
- Странката

ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР
Ирена Милевска

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1 Број: 68 - 338
од 22.09.2026 година

Записник за извршен вонреден инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е почнат на ден 22.09.2026 год со почеток во 11.00 часот

На ден 22.09.2026 од страна на Сектор инспекторат на Општина Карпош, преку општински инспектор за домување Богданка Милошевиќ Мучева е извршен вонреден инспекциски надзор на Друштво за управување со станбени згради ХАБИДОМ ДООЕЛ Скопје со адреса Ул. Никола Парапунов 41 Компл.Макотекс/1 – кат , Скопје, даночен број 4057015529705, матичен број 7057458, во врска со пријава од Борис Јаковски и Елена Александровска, со адреса на бул. Партизански Одреди бр.[redacted] стан [redacted] и стан [redacted] Скопје бр. 68-7070/1 од 06.08.2026 година.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на член 116, во врска со итна санација на кров над становите на пријавителите од штета настаната при силно невреме на 21.07.2026 година на бул. Партизански Одреди бр. 59/2

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ~~ДА~~ НЕ

Да се наведе дека е извршено легитимирање на испекторот со службена значка и легитимација: ДА ~~НЕ~~

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба:

Од страна на Борис Јаковски и Елена Александровска, со адреса на бул. Партизански Одреди бр.[redacted] стан [redacted] и стан [redacted], Скопје, доставена била иницијатива за инспекциски надзор бр. 68-7070/1 од 06.08.2026 година до општинскиот инспектор за домување во која бараат да се изврши инспекциски надзор поради итна санација на кров над становите на пријавителите од штета настаната при силно невреме на 21.07.2026 година на бул. Партизански Одреди бр. 59/2 во становите со бр.22 и 22а сопственост на пријавителите.

Инспекторот го повикал субјектот на надзор и му ја презентирал пријавата и побарал информација зошто не е извршена санација на кров по член 47 од Законот за домување, кога при увид на лице место е констатирана значителна штета во кровот и таванот на пријавителите.

Субјектот на надзор го изветил инспекторот дека другите сопственици на посебни делови не се сложувале со исплата на средства за санација на кров кај оштетените поради усмен договор кој го имале со еден од пријавителите – Борис Јаковски пред одреден број години каде што тие како сопственици на посебни делови му

отстапиле право на градба во заеднички простории, што е писмено заведено со докази, а тој, усно се сложил да го одржува кровот. Бил побаран било каков писмен доказ кој го потврудва овој усен договор но пријавениот не доставил таков доказ. Бидејќи не бил доставен писмен доказ , посочено му е на субејктот на надзор дека кровот е сопственост на сите сопственици на посебни делови и сите се должни да учествуваат во санација на истиот.

Инспекторот ја презентирал проценката од Дизајн плус бр. 13А од 04.09.2026 година за поправка на оштетена конструкција од станебна зграда и монтажа на нов лим , која изнесува 54.070,00 денари, која била достацвена до инспекторот од страна на пријавителот.

Субјектот на надзор до инспекторот доставил првична понуда од истата фирма од 27.07.2026 година на износ од 30.517, 00 денари каде што инспекторот воочил дека не е вклучена изработка, набавка, транспорт и монтажа на хоризонтален олук, реброван пластифициран лим, монтажа на скеле и превоз на материјали. При разгледување на проценките односно фактурите, инспекторот констатирал дека е потребна монтажа на лим согласно направената штета како и олук за одведување на водите и заштита на фасадата и кровот и од таа причина ја прифатил последната фактура од 54.070,00 денари.

Согласно член 47 став 1 од Законот за домување, санација кров спаѓа во нужни работи и согласно тоа субејктот на надзор со решение ќе биде задолжен во најбрз можен рок да пристапи кон спроведување на санација на кровот преку овластената фирма.

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекциски надзор: ДА ~~НЕ~~

Преставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

_____

_____

Милан Кузманов, управител на ХАБИДОМ ДООЕЛ Скопје

_____

(датум, и потпис на
претставникот на субјектот на инспекциски надзор)

Претставникот на субјектот на инспекциски надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

_____
_____
_____
_____
_____.

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 22.09. 2026 во 11.30 часот.

Богданка Милошевиќ Мучева, дипл. прав.
Општински инспектор за домување
Бр. на службена легитимација 79-0001

_____

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Ип1 Број: 68 -331
Датум: 22.09.2026
Скопје

Секторот инспекторат – Одделение за комунална инспекција преку општински инспектор за домување, Богданка М. Мучева, дипл. правн. со службена легитимација број 79-0001 , изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за управување со станбени згради ХАБИДОМ ДООЕЛ Скопје со адреса Ул. Никола Парапунов 41 Компл.Макотекс/1 – кат , Скопје, даночен број 4057015529705, матичен број 7057458, во врска со пријава од Борис Јаковски и Елена Александровска, со адреса на бул. Партизански Одреди бр. [redacted] стан [redacted] и стан [redacted], Скопје бр. 68-7070/1 од 06.08.2026 година, врз основ на член 120 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/07, 57/10 ,36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и Службен Весник на РСМ 302/20, 150/20 ,224/24 и 160/25 год.), го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОПОМЕНУВА Друштво за управување со станбени згради ХАБИДОМ ДООЕЛ Скопје со адреса Ул. Никола Парапунов 41 Компл.Макотекс/1 – кат , Скопје,да **ГИ ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ УТВРДЕНИ СО** Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. 68-338 од 22.09.2026 година, во рок од 8 дена од денот на прием на ова Решение

1) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е **8 дена** по денот на приемот
2) Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена , писмено и/или по електронска пошта dance.milosevic@karpos.gov.mk , да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор инспекторат, врз основа на член 120 став 2 , од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/07, 57/10 ,36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и Службен Весник на РСМ 302/20, 150/20, 224/24 и 160/25 год.), преку општински инспектор за домување, Богданка Милошевиќ Мучева, дипл. правн. извршил вонреден инспекциски надзор во врска со пријава од Борис Јаковски и Елена Александровска, со адреса

на бул. Партизански Одреди бр. [redacted] стан [redacted] и стан [redacted] Скопје бр. 68-7070/1 од 06.08.2026 година.

При вршење на надзорот, Инспекторот го повикал субјектот на надзор и му ја презентирал пријавата и побарал информација зошто не е извршена санација на кров по член 47 од Законот за домување, кога при увид на лице место е констатирана значителна штета во кровот и таванот на пријавителите.

Субјектот на надзор го изветил инспекторот дека другите сопственици на посебни делови не се сложувале со исплата на средства за санација на кров кај оштетените поради усмен договор кој го имале со еден од пријавителите – Борис Јаковски пред одреден број години каде што тие како сопственици на посебни делови му отстапиле право на градба во заеднички простории, што е писмено заведено со докази, а тој, усно се сложил да го одржува кровот. Бил побаран било каков писмен доказ кој го потврудва овој усен договор но пријавениот не доставил таков доказ. Бидејќи не бил доставен писмен доказ , посочено му е на субејктот на надзор дека кровот е сопственост на сите сопственици на посебни делови и сите се должни да учествуваат во санација на истиот.

Инспекторот ја презентирал проценката од Дизајн плус бр. 13А од 04.09.2026 година за поправка на оштетена конструкција од станбена зграда и монтажа на нов лим , која изнесува 54.070,00 денари, која била доставена до инспекторот од страна на пријавителот.

Субјектот на надзор до инспекторот доставил првична понуда од истата фирма од 27.07.2026 година на износ од 30.517, 00 денари каде што инспекторот воочил дека не е вклучена изработка, набавка, транспорт и монтажа на хоризонтален олук, реброван пластифициран лим, монтажа на скеле и превоз на материјали.

При разгледување на проценките односно фактурите, инспекторот констатирал дека е потребна монтажа на лим согласно направената штета како и олук за одведување на водите и заштита на фасадата и кровот и од таа причина ја прифатил последната фактура од 54.070,00 денари.

Согласно член 47 став 1 од Законот за домување, санација кров спаѓа во нужни работи и согласно тоа субејктот на надзор во рок од 8 дена треба да почне постапка со соодветната фирма за санација на оштетениот кров, без мнозинство согласност од станарите.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на прием на Решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Жалбата се таксира 250,00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 68-338 од 22.09.2026 год.

ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

Богданка Милошевиќ Мучева, дипл.правн.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1 Број: 66 - 333
Датум: 29.09.2026
Скопје

Општина КАрпош- Сектор Инспекторат
(Назив на органот)

ИП1 Број:66-333
Датум: 21.09.2026 во 10:00 часот

Врз основа на член 38 став (2) од Закон за јавна чистота, инспекторот издава,

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ (ПН)

- **(за одговорно лице во правното лице)**
- **(за одговорно лице во правно лице-сопственик или управува со јавен објект)**
- **(за одговорно лице во правно лице – сопственик, односно корисник на јавен објект)**
- **(за одговорно лице во трговец поединец)**

Име и презиме : Благоја Блашкоски

Единствен матичен број на одговорно лице во правно лице/трговец поединец : [redacted]

Адреса : [redacted]

Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа : [redacted]

Податоци за правното лице:

Назив: Кофи Шоп Хорека, СКопје

Седиште: Бул. П. Одреди бр.101, Скопје,

Единствен даночен број (ЕДБ): МК 4057026581903

Опис на прекршокот: чл. 14 , став 1, алинеа 11 од Закон за јавна чистота (Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11,

53/11, 80/12, 163/13, 44/15, и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21) - поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети.

Место и време на сторување на прекршокот: Кофи Шоп Хорека, СКопје , на 16.09.2026 во 10:00ч

Правна квалификација на прекршокот: Чл.14, став 1, алинеа 11 од Закон за јавна чистота (службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и „Службен весник на Република Северна МАкедонија“ бр. 122/21

Записник за сторен прекршок: (ИП1 Број:66-333 од 21.09.2026 година

да плати глоба во износ од **300 евра** во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, назив-Буџет на Општина Карпош, банка на примач- Народна банка на РМ со **Уплатна сметка:** 7790141157 63010, **Приходна шифра:** 725939-00, **Програма:** 00, цел на дознака- глоба за прекршок на **ИП1 бр. 66 – 333** (се уплатува на ПП 50 образец) и оригинал од уплатницата да достави на адреса: Општина Карпош-Сектор Инспекторат ул. Никола Русински, бр. 11 – Скопје

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот налог и веднаш да се достави доказ за извршена уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог.

Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба.

Ако сторителот не ја плати глобата во рок од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд односно до Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Сторител на прекршок

Благоја Блашкоски

име,презиме и своерачен потпис

М.П.

Овластен комунален инспектор
Ирена Милевска

име,презиме и своерачен потпис

ИП1 Број: 66 -333
Датум: 29.09.2025
Скопје

Општина Карпош-Сектор Инспекторат

ИП1 Број:66-333
Датум 29.09.2025 год. во10:00 часот

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за јавна чистота, инспекторот издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

- **(за правно лице)**
- (за правно лице – сопственик или управува со јавен објект)
- (за правно лице – сопственик односно корисник на јавен објект)
- (за трговец поединец)

А	ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ

Назив Кофи Шоп Хорека	Даночен број МК 4057026581903
Седиште Бул. П. Одреди, бр.101, Скопје,	Жиро сметка и деловна банка 300000005515165 Комерцијална Банка

Б	ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ

Име и презиме Благоја Блашкоски	ЕМБГ [redacted]

Датум, место и држава на раѓање	Занимање	Адреса на живеалиште или на привремен престој
[redacted]	[redacted]	[redacted]
Број на лична карта/ патна исправа	Датум и место на издавање	Орган кој ја издал
[redacted]	[redacted] Скопје	[redacted]

В	ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК

Место и време на сторување на прекршокот	16.09.2025 во 10:00 ч Кофи Шоп Хорека , Скопје
Опис на прекршокот	Поставување на урбана опрема на јавна површина без Одобрение за поставување на урбана опрема.
Правна квалификација на прекршокот	Чл.14, став 1, алинеа 11 од Закон за јавна чистота (службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и „Службен весник на Република Северна МАкедонија“ бр. 122/21
Записник за сторен прекршок	Предмет ИП1 Бр. 66-333 од дата 21.09.2026
Износ на утврдената глоба за прекршок	**1000 евра**, во денарска противвредност
Сметка за плаќање на глобата	На образец **ПП 50** на трезорска сметка **100-0000000630-95**, назив – Буџет на Општина

	Карпош, **банка на примач** – Народна банка на РСМ, **уплатна сметка** 7790141157 63010, **приходна шифра** 725939-00 и **програма** 00, со цел на дознака – уплата за прекршок на **Ип1 бр. 66 – 333** дата 21.09.2026 и оригинал од уплатницата да достави на адреса Општина Карпош – Сектор Инспекторат

ПРАВНА ПОУКА : Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во **прекршочниот платен налог во рок од осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Сторител на прекршок
Благоја Блашкоски
Име, презиме и своерачен потпис

М.П.

Овластен комунален инспектор
Ирена Милевска
Име, презиме и своерачен потпис

ИП1 Број: 66 –321
Датум: 29.09.2026 година
Скопје

Записник за извршен контролен инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 29.09.2026 со почеток во 10:30 часот.

На ден **29.09.2026** год. од страна на Сектор инспекторат на Општина Карпош, преку општински комунален инспектор Ирена Милевска со рег.бр. на легитимација 79-0004, изврши контролен инспекциски надзор над работењето на :

Назив на субјектот: **Кварт Бар ДОО**

Адреса: Ул. Осло, бр.2, Скопје

Адреса за е-меил: /

Телефон: [redacted]

Матичен број на субјект:7846436

Даночен број; МК 4057025575098

Број на жиро сметка: /

Банка депонент: /

Одговорно лице на субјектот: Валентин Сандевски

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на чл.59 од Закон за инспекцински надзор (Сл. весник на РСМ бр.135/25 и 269/25 Службен весник на Република Северна Македонија) во врска со Иницијатива за инспекциски надзор **ИП1 Број: 66 – 321 дата 03.09.2026**

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: **НЕ**

Да се наведе дека е извршено легитимирање на испекторот со службена значка и легитимација: **ДА**

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба:

На ден **03.09.2026** год во 10:30 часот општински комунален инспектор Ирена Милевска извршија вонреден инспекциски надзор врз работењето на правниот субјект **Кварт Бар** . со седиште на Ул. Осло, бр.2 , Скопје. во делот на контрола на урбана опрема. Констатирано е дека правниот субјект ја поставил урбаната опрема на простор наменет за паркинг при што нема правен основ за пренамена на простор и услови за поставување на урбана опрема. Општинскиот комунален инспектор заради фактичката состојба изготви Записник за вонреден инспекциски надзор ИП1 66-321 од 03.09.2026 год. кој уредно му беше врачено на одговорното лице на правниот субјект и потпишано од негова страна

Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

- Решение за опомена ИП166-321 од 03.09.2026 со рок од 15 (петнаесет дена).
- Прекршочен платен налог за одговорно лице во правно лице ИП1 66-321 од 17.09.22026.
- Прекршочен платен налог за правно лице ИП1 66-321 од 17.09.2026.

Одговорното лице ги плати прекршочните налози во даден рок со договор за порамнување со што инспекторот изготви Контролен инспекциски записник ИП1 66-321 на 29.09.2026 год. Со тоа ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА СЕ ЗАПИРА.

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекциски надзор: **ДА**

Преставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

НЕМА ЗАБЕЛЕШКИ!

Датум: 29.09.2026 год.

Име: Валентин

Презиме: Сандевски

Функција: **одговорно лице на Кварт Бар, Скопје**

Потпис на претставникот на субјектот на инспекциски надзор: _____ √

Претставникот на субјектот на инспекциски надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 03.09.2026 год. во 13:00:00 часот.

Прилози кон записникот:

- НЕМА

Ирена Милевска
Општински комунален инспектор
Легитимација рег. бр. 79-0004

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1бр: 64 – 349
Датум : 30.09.2026 год.
Скопје

Записник за извршен вонреден инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 29.09.2026 год. со почеток во 11:00 часот.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа член 58 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ„ бр. 269/25) и по службена должност, а во врска со градба од втора категорија од Законот за градење – доградба на деловен простор, што се гради на ул. „Јурij Гагарин„ бр. бб, КПбр. 5622/1 КО Карпош, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 1670.0 m^2, видно од имотен лист број 55982, како и партерно уредување на просторот (зеленило) пред деловниот простор со припрема за бетонирање на истиот со поставување на пластични цевки за одводнување, инвеститор Трајче Петров.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ~~**ДА**~~ **НЕ**


Да се наведе дека е извршено легитимирање на испекторот со службена значка и легитимација : **ДА** ~~**НЕ**~~

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба :

На ден 29.09.2026 год. во 11:00 часот од страна на Сектор инспекторат на Општина Карпош, преку општински инспектор Душко Андонов, извршен вонреден инспекциски надзор по службена должност, а во врска со градба од втора категорија од Законот за градење – доградба на деловен простор, со димензии 8.40 x 1.30 m и висина H = 2.30 m, што се гради на ул. „Јурij Гагарин„ бр. бб, КПбр. 5622/1 КО Карпош, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 1670.0 m^2, видно од имотен лист број 55982. Инвеститор на градбата е Трајче Петров со стан на [redacted] во Скопје, со [redacted] и лична карта број [redacted] од 14.10.2020 год. издадена од страна на МВР – Скопје. Поради тоа што при извршување на инспекцискиот надзор, инвеститорот не поседуваше законска градежно – техничка документација, односно немаше Одобрение за градење за доградба на деловен простор, на лице место се изготви Покана за странка со која инвеститорот се задолжи да се отповика на ден 30.09.2026 год во 09:00 часот и да ја достави целокупната документација во врска со предметната градба, како и документација за уредување на зеленилото пред деловниот простор, сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број 55982.

Инвеститорот уредно се отповика на доставената Покана за странка на ден 30.09.2026 год. во 09:00 часот но не достави никаква градежно – техничка документација за предметната градба од втора категорија – доградба на деловен простор, односно не достави Одобрение за градење, и не достави никаков законски документ за уредувањето на зеленилото пред деловниот простор сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ



При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности

При извршениот вонреден инспекциски надзор по службена должност, а во врска со градба од втора категорија од Законот за градење – доградба на деловен простор, со димензии 8.40 x 1.30 m и висина H = 2.30 m, што се гради на ул. „Јурај Гагарин„ бр. бб, КПбр. 5622/1 КО Карпош, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 1670.0 m^2, видно од имотен лист број 55982, констатирано е дека инвеститор Трајче Петров со стан на [redacted] во Скопје, со [redacted] и лична карта број [redacted] од 14.10.2020 год. издадена од страна на МВР – Скопје, градбата ја гради без Одобрение за градење, како и тоа што не поседува документација за уредување на зеленилото пред деловниот простор, сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број 55982.

Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки :

Поради тоа што инвеститор Трајче Петров гради градба од втора категорија од Законот за градење – доградба на деловен простор, со димензии 8.40 x 1.30 m и висина H = 2.30 m, што се гради на ул. „Јурај Гагарин„ бр. бб, КПбр. 5622/1 КО Карпош, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 1670.0 m^2, видно од имотен лист број 55982 без да поседува Одобрение за градење, како и уредува зеленилото пред деловниот простор, сопственост на Република Северна Македонија, видно од имотен лист број 55982, без законска документација, согласно член 137 став 2 од Законот за градење, ќе се донесе Решение за опомена.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекциски надзор: ДА ~~НЕ~~

Преставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот :

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекциски надзор)

Претставникот на субјектот на инспекциски надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 14.09.2026 год. во 11:00 часот.

Прилози кон записникот :

Душко Андонов, дги
општински градежен инспектор
службена легитимација број 79 – 0003

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЈАН АМОС КОМЕНСКИ
СКОПЈЕ

Примено: 30 09 2026			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02	844/1	-	-

ИП1Бр: 71 – 350
Датум: 30.09.2026 год.
Скопје

Записник за извршен вонреден инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 28.09.2026 год. со почеток во 10.30 часот.

На ден 28.09.2026 год. од страна на Сектор инспекторат на Општина Карпош, преку општински инспектор Даниела Кочоска, рег. бр: 79-0005, изврши инспекциски надзор над работењето на ООУ „Јан Амос Коменски“, Скопје-Карпош, ЕМБС: 4065344 и ЕДБ: 4030992273640.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на месечен план за работа на инспекциската служба за месец 9.2026 год., во врска по поднесена пријава од [redacted] и [redacted] заведена во општина Карпош, Сектор инспекторат под бр: 71-8236/1 од 21.09.2026 год..

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: **НЕ**

Да се наведе дека е извршено легитимирање на инспекторот со службена значка и легитимација: **ДА**

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба:

При разговорот со раководното лице, в.д. директорот, стручната служба, од нивна страна се забележани зголемени промени во однесувањето (импулсивни реакции, агресивно однесување проследено со удирање, гребење на соученици, наставници и стручна служба), на ученикот [redacted] ученик во 6г одд.. Затоа училиштето доставило:
- Барање бр: 08-711/1 од 31.08. 2026 год. за вонредна реевалуација на ученикот [redacted] до Регионално стручно тело за проценка на функционалана попреченост. Од нивна страна е доставен Одговор бр: 03-121 од 07.09.2026 год., а заведен во училиштето под бр: 08-71/3 од 07.09.2026 год. во кој родителите стојат на ставот за контролната проценка за детето на 26.03.2027 год.;
- Барање бр: 08-790/1 од 18.09.2026 год. за насоки и препораки за безбедни услови за непречено следење на наставата во паралелката и заштита на сите присутни во училишниот објект до ЈЗУ „Здравствен дом“-Скопје, Служба за ментално здравје за деца и младинци „Младост“. Од нивна страна е доставен

Одговор бр: 03-126/2 од 25.09.2026 год., а заведен во училиштето под бр: 08-790/2 од 25.09.2026 год. во кој се бара училиштето да ги информира родителите да закажат термин за психијатар кај матичниот лекар;

- Барање бр: 08-797/1 од 21.09.2026 год. за насоки и препораки за безбедни услови за непречено следење на наставата во паралелката и заштита на сите присутни во училишниот објект до ОУРЦ „д-р Златан Сремец". До денот на надзорот не е доставен одговор;
- Барање бр: 08-798/1 од 21.09.2026 год. за насоки и препораки за безбедни услови за непречено следење на наставата во паралелката и заштита на сите присутни во училишниот објект до МОН – Педагошка служба. До денот на надзорот не е доставен одговор.

Се констатира дека години наназад училиштето преземало активности за поддршка и социјална инклузија на ученикот со ангажирање на лица (студенти) од Меѓународен славјански универзитет и од Институтот за специјална едукација и рехабилитација. За ваквиот начин на поддршка родителот-мајката е согласна (заведено во Записник бр: 08-553/1 од 19.06.2026 год.), но е спротивно на законските одредби од Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите и спротивно на член 19 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ" бр: 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26).

По однос на делот за ИОП наставна програма, кон крајот на месец август стручната служба во училиштето ги насочила наставниците што го реализираат наставниот процес во паралелката 6г одд. за посебните образовни потреби, согласно индивидуалните потенцијали и потреби на ученикот [redacted] на неколку состаноци и консултации, заведени во Записник бр: 08-747/6 од 07.09.2026 год.. Согласно член 16 став 7 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ" бр: 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), инклузивниот тим, Одлука бр: 08-774/1 од 11.09.2026 год., за ученикот подготвува ИОП наставна програма. Договорен е состанок со родителите за утврдување на ИОП наставната програма.

По однос на изречените педагошки мерки: усна опомена бр: 08-752/3 од 09.09.2026 год. и писмена опомена бр: 08-777/3 од 11.09.2026 год. кон ученикот [redacted], училиштето постапило согласно член 6 став 2 алинеја 8 од Правилникот за начинот за изрекување на педагошките мерки „(Сл.Весник на РСМ" бр:149/26 год.). Примената на педагошките мерки се евидентирани со писмено образложение согласно член 12 од Правилникот за начинот за изрекување на педагошките мерки „(Сл.Весник на РСМ" бр:149/26 год.). Врз основа на член 9 и член 10 од Правилникот за начинот за изрекување на педагошките мерки „(Сл.Весник на РСМ" бр:149/26 год.) изречените педагошки мерки се засновани на педагошка документација: извештаи од настаните на

03.09.2026 год. и 04.09.2026 год., изјави на засегнатите страни (ученици и наставник по физичко и здравствено образование), записници од родителите на засегнатите ученици и родители од ученикот [redacted] и исказ на самиот ученик. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, в.д. директорот формирала тим за поддршка на ден 09.09.2026 год., со Одлука бр: 08-774/1 од 11.09.2026 год., согласно член 72 став 2 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ" бр: 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26). Настанот-физички судир меѓу [redacted] и негов соученик од 11.09.2026 год. службено е евидентиран со исказ од соученикот, записник од одделенски час во паралелката 6г одд., записници од индивидуални средби со родителите од двајцата ученици. Училиштето не изрекло педагошки мерки на соученикот од причина што на соученикот му било прво евидентирано неприфатливо однесување и дека во настанот учествувале двајцата ученици.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:
Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, затоа постапката се **ЗАПИРА**.

Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:
----------/---------.

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекциски надзор: НЕ

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор и околностите на работа, записникот е составен во службените простории на инспекцискаата служба согласно член 65 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РСМ" бр: 135/25 и 269/25).

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

_____

_____

_____

_____.

30.09.2026г Соња Казакова в.д.Директор _____

(датум, име и презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекциски надзор)

Претставникот на субјектот на инспекциски надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

_____
_____
_____
_____
_____.

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 28.09.2026 год. во 15,00 часот.

Прилози кон записникот:

----------/--------.

Даниела Кочоска
Општински просветен инспектор
Рег. бр: 79-0005